# ОДЛУКА ЗА СТАПКИТЕ, ОСНОВИЦИТЕ И ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 46 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ", број 25/2000, 34/2000 И 96/2000), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 18 јануари 2000 година, д о н е с е

## ОДЛУКА

## ЗА СТАПКИТЕ, ОСНОВИЦИТЕ И ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

("Службен весник на РМ" број 4/2001 и 50/2001)

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат стапките за пресметување и плаќање на придонесите за задолжително здравствено осигурување, како и основиците и висината на придонесот за одделни категории на осигуреници.

### Член 2

Стапката на придонесот за задолжително здравствено осигурување за осигурениците од член 5 став 1 точките 1, 2, 3 и 4 на Законот за здравственото осигурување се утврдува на 8,2% од бруто платата и надоместокот на платата.

За осигурениците на кои не се утврдува плата, основица за пресметување и плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување преставува основицата од која се пресметува и плаќа персоналниот данок од плата, зголемена со даноците и придонесите од плата (бруто основица).

### Член 3

Стапката на придонесот за задолжително здравствено осигурување на осигурениците од член 5 став 1 точка 5 на Законот за здравственото осигурување се утврдува на 9,2 % од остварената нето плата од вршењето на дејноста, односно утврдениот катастерски приход.

Основицата од став 1 на овој член не може да биде помала од најниската плата утврдена во согласност со колективен договор за соодветната дејност.

Ако основицата од став 2 на овој член не е утврдена, како најниска основица се зема износот од 65% од просечната месечна нето плата по работник во соодветната гранка остварена во претходниот месец.

### Член 4

Стапката на придонесот за задолжително здравствено осигурување за осигурениците од член 5 став 1 точка 6 на Законот за здравственото осигурување, се утврдува на 14,694% од нето износот на пензијата односно надоместокот.

**Член 5**

Стапката на придонесот за задолжително здравствено осигурување за осигурениците од член 5 став 1 точките 7, 8 и 9 на Законот за здравственото осигурување се утврдува на 8,6% на износот од 65% од просечно исплатената месечна нето плата во стопанството.

**Член 6**

Осигурениците од член 5 став 1 точка 14 на Законот за здравственото осигурување кои се во работен однос и остваруваат плата, правата и обврските од здравственото осигурување ги остваруваат како и осигурениците од член 5 став 1 точка 1 на Законот за здравственото осигурување.

За осигурениците од член 5 став 1 точка 14 на Законот за здравственото осигурување кои не се во редовен работен однос стапката на придонесот за задолжително здравствено осигурување се утврдува во висина на 12,465% на износот од 65% од просечно исплатената месечна нето плата во стопанството.

**Член 7**

Стапката на придонесот за задолжително здравствено осигурување за осигурениците од член 5 став 1 точките 12 и 13 на Законот за здравственото осигурување се утврдува во висина на 7,5 % на износ од 65% од просечно исплатената месечна нето плата во стопанството.

**Член 8**

Стапката на придонесот за задолжително здравствено осигурување за осигурениците од член 5 став 2 на Законот за здравственото осигурување се утврдува во висина на 12,465 % од просечно исплатената месечна нето плата во стопанството.

**Член 9**

Придонесот за задолжително здравствено осигурување за осигурениците од член 5 став 1 точките 10 и 11 на Законот за здравственото осигурување се утврдува во висина на денарска противредност од 100 германски марки месечно, според курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на плаќањето.

**Член 10**

Стапката на дополнителниот придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување за обврзниците од член 38 став 2 точка 1 и осигурениците од член 5 став 1 точка 3 и 4 на Законот за здравственото осигурување се утврдува на 0,5% од бруто платата и надоместокот на платата.

Дополнителниот придонес од став 1 на овој член го пресметуваат и уплатуваат обврзниците при секоја исплата на платата, односно надоместокот на платата.

**Член 11**

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за стапките и основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување во Македонија (“Службен весник на РМ”, бр.59/91, 32/92 и 48/93).

**Член 12**

Членот 10 од оваа одлука ќе се применува од 1. Мај 2000 година.

**Член 13**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.